12

Влада на Република Северна Македонија
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено / Pranuar: | 25. 11. 2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 25 | 4/6 | — | — |


Споделено знаење- Скопје

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ОПИСЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

## Образование преку Википедија

(Име на проектот)

Скопје 25.11. 2020 година
(Место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на договор за обезбедување финансиска поддршка | 29-28/2 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Споделено знаење - Скопје |
| Наслов на проектот | |
| Период на спроведување на проектот | од 21.10.2019 година до 15.11.2020 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Кирил Симеоновски |
| Проектен менаџер | Иван Живковиќ |
| Телефон и е-пошта за контакт | 078282698 |
| Цел на проектот | Зголемување на нивото на општото знаење и вештини на учесниците преку воведување на викимедиините проекти како неформален облик на стекнување знаење и средство кое има за цел да го унапреди образованието и зголеми обемот на слободни содржини. |
| Целна група | Студенти, средношколци, ученици од основни училишта и други заинтересирани |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Национално, Основни, Средни училишта и Факултети |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 571.319,00 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | **358.919,00** денари<br>* **10.000 денари** за сеуште неисплатена фактура |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Активностите предвидени според проект програмата, започнаа да се одвиваат според планот, почнувајќи од ноември 2019 година, за почеток во основните училишта, Круме Кепески и Гоце Делчев од Неготино. Подоцна започнаа да се реализира и програмите на факултетите, најпрво на ФИНКИ, каде беа одржани две работилници ( останатите две не се спроведоа поради КОВИД кризата), и во истиот период започна да се одржува предавање на ПМФ- катедра по физика и снимањето на експериментите на ПМФ- Хемија.
Во период на кризата со КОВИД 19, најголем дел од активностите беа во застој, освен одржување на состаноци со надворешните чинители за понатамошните активности, како што се: Вики Кампот, ВикиКлубот, и останатите активности според планот. Подоцна како замена за најголемиот проект што беше предвиден според програмата „Вики Камп“, алтернативно решение најдовме во спроведување на четири еднократни уредувачко-фотографски екскурзии во 4 различни градови.


Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации во Генералниот секретаријат

| **3. Спроведени активности и резултати од проектот**<br>Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати |
|---|

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| Предавање во ОУ Круме Кепески | **Вовед во Википедија**, предавање во ОУ Круме Кепески од страна на Иван Живковиќ, Марио Шаревски и професорот Слободан Трајковски. | 26.11.2019 | 14 ученици + 14 создадени статии |
| Предавање во ОУ Гоце Делчев- Неготино | **Вовед во Википедија**, предавање во ОУ Гоце Делчев. Предавањето го започна Марио Шаревски, при што му помагаа неговиот колега Иван Живковиќ и професорката по француски јазик Елизабета Трпковска. Освен воведниот дел, улениците имаа шанса да научат како се создава статија, а темата беше „Археолошки наоѓалишта во Неготино“ | 04.12.2019 | 12 ученици, создадени 18 статии |
| Предавње во ОУ Круме Кепевски | **Создавање на статии**, предавање спроведено од страна на Иван Живковиќ во соработка со професорот по историја Слободан Трајковски. Учениците уредуваа на тема: археолошки наоѓалишта во Скопско. | 17.12.2019 | 5 ученици, 6 создадени статии |
| Посета на Градскиот Музеј во Неготино ( Професорка Елизабета Трпковска) | Посета на Градскиот музеј во Неготино, со цел прибирање на подотоци и слики и нивно споделување на Викимедиината ризница како и на статиите на Македонската Википедија. | 26.12.2019 | 25 ученици, повеќе од 30 фотографии |
| Снимање експерименти на ПМФ, (катедра по хемија), прва фаза. | На катедрата на Хемија при ПМФ, во првата етапа на 15.01.2020 година, се снимија експерименти од областа на хемијата. Во реализација на експериментите учествуваа проф.д-р Владимир Петрушевски, доцент. Миха Буклески, проф.д-р Марина Стојановска, професор, Цветко Неделковски, додека продукцијата Карас беше задолжена околу снимањето. | 15.01.2020 | Снимени 8 експерименти |
| Снимање експерименти на ПМФ ( катедра по хемија), втора фаза | На катедрата на Хемија при ПМФ, на 22.01.2020 година, беше реализирана втората етапа снимање на експерименти од областа на хемијата. Учествуваа, д- | 22.01.2020 | Во втората фаза беа снимени 11 експерименти |


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | р Владимир Петрушевски, доцент. Миха Буклески, Марина Стојановска, професор Цветко Неделковски и Никола Милошевски, двајцата од Споделено знаење. Продукцијата Карас ги реализираше снимањата. | | |
| Работилница за Википедија | Одржана е работилница на тема **„Вовед во Википедија“**, на **ФИНКИ** ( **ВикиКлуб**) од страна на Цветко Неделковски. Работилницата вклучуваше обука за уредување, проследена со уредување на статии по македонски јази. | 22.02.2020 | 3 учесници<br>7 создадени статии |
| Работилница за Википедија | Одржана е работилница на тема **„Вовед во Википедија“**, на **ПМФ-Катедра за Физика** од страна на Цветко Неделковски, Иван Живковиќ и Никола Милошевски Работилницата вклучуваше обука за уредување, проследена со уредување на статии по македонски јазик. | 26.02.2020 | 12 ученици<br>15 создадени статии |
| Работилница за Википедија | Одржана е работилница на тема **„Вовед во Википедија“**, на **ФИНКИ** ( **ВикиКлуб**) од страна на Цветко Неделковски и Иван Живковиќ. Работилницата вклучуваше обука за уредување, проследена со уредување на статии по македонски јазик. | 07.03.2020 | 8 ученици,<br>13 создадени статии |
| Опис на снимените експерименти | Во периодот од 27 мај до 2 јуни, беа стручно опишани сите снимени експерименти од страна на Проф-Доцент Миха Буклески | 27мај – 02 јуни | 19 експерименти беа стручно опишани |
| Вики Тура- Велес | На 05.09.2020 се реализира првата Вики Тура во Велес ( активност во замена за Викикампот), каде што учесниците имаа можност да направат добра фотографија во природа истата да ја прикачат на Викимедиината ризница и да создадат статија. | 05.09.2020 | 12 учесници,<br>11 создадени статии<br>30 создадени фотографии |
| Вики Тура - Кратово | На 10.10.2020 се реализира втората Вики Тура во Велес ( активност во замена за Викикампот), каде што учесниците имаа можност да направат добра фотографија во природа истата да ја прикачат на Викимедиината ризница и да создадат статија. | 10.10.2020 | 10 учесници,<br>8 создадени статии<br>7 создадени фотографии |
| Вики Тура - Кавадарци | На 07.11.2020 се реализира третата Вики Тура во Велес ( активност во замена за Викикампот), каде што учесниците имаа можност да направат добра фотографија во природа истата да ја прикачат на | 07.11.2020 | 5 учесници,<br>21 создадени статии<br>35 создадени фотографии |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Викимедиината ризница и да создадат статија. | | |
| Вики Тура - Гевгелија | На 07.11.2020 се реализира третата Вики Тура во Велес ( активност во замена за Википампот), каде што учесниците имаа можност да направат добра фотографија во природа истата да ја прикачат на Викимедиината ризница и да создадат статија. | 14.11.2020 | 5 учесници,<br>22 создадени статии<br>36 создадени фотографии |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Поради настанатата криза со КОВИД 19, не бевме во можност да ги организираме и до-реализираме обуките во повеќе образовни установи, како што се: ФИНКИ, Економскиот факултет, ОУ Круме Кепевски, ПМФ и други, додека во Гимназијата „Јосип Броз - Тито“ не ни беше доволено да одржиме работилници,

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Вовед во Википедија- Образовна програма во ОУ Круме Кепески- Скопје<br>Образовна програма „ОУ Круме Кепески“ | 19 | 19 создадени статии | |
| Вовед во Википедија- Образовна програма во ОУ Гоце Делчев- Неготино<br>Посета на Градаскиот музеј во Неготино | 37 учесници | 18 создадени статии<br>50 фотографии | |
| Работилница на ПМФ- (Катедра по Физика)<br>ВикиКлуб ФИНКИ | 23 учесници | 35 статии | |
| Опис на експерименти | 3 учесници | 19 описи | Снимени експерименти |
| Вики Тури- ( Велес, Кратово, Кавадарци и Гевгелија) | 32 учесници | 62 создадени статии, 108 фотографии | |

**6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот**

И покрај кризата со Ковид 19 кризата, сепак успеавме да опфатиме добар број на учесници, кои се стекнаа со знаења и работа на Википедиините платформи, создавање на статии и прикачување на фотографии.

## 7. Финансиски извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Буџетот на Предлог-проектот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **I. Вработени (вкупно)** | **1** | | |
| Плати | **149.828,00** | | |
| Придонеси и даноци од плати | **70.435,00** | | |
| Надоместоци и хонорари | **18.000,00** | | |
| Придонеси и даноци од надоместоци и од хонорари | **1998,00** | | |
| **II. Патни трошоци (вкупно)** | | | |
| Транспорт | **29.563,00** | | |
| Хотелско сместување | 0,00 | | |
| Дневници | 0,00 | | |
| **III. Опрема (вкупно)** | | | |
| ИТ - опрема | 0,00 | | |
| Мебел | 0,00 | | |
| Друга опрема - (специфицирај) Рутер | **5000,00** | | |
| **IV. Канцелариски материјали (вкупно)** | | | |
| Канцелариски материјали | 0.00 | | |
| Други трошоци (специфицирај) | 0,00 | | |
| **V. Други директни трошоци (вкупно)** | | | |
| Трошоци за комуникација Интернет | 0,00 | | |
| Банкарски провизии | 0,00 | | |
| Храна и пијалаци | **21.257,00** | | |
| **VI. Индиректни трошоци (вкупно)** | | | |
| Користење канцеларија | 0,00 | | |
| Други индиректни трошоци (специфицирај) Тонер | **600.00** | | |
| **VII. Специфични трошоци поврзани со програмата (вкупно)** - *искористете ги овие ставки и, доколку е потребно, додадете детали или ставки што се релевантни за вашата програма* | | | |
| Договори за услуги | **20.000,00** | | |


Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации во Генералниот секретаријат

| | | | |
|---|---|---|---|
| Изнајмување простории за организирање настани | **10.000,00** | *Ставка која допрва треба да се плати | |
| Публикации | 0,00 | | |
| Конференции и работилници | 0,00 | | |
| Комуникациски продукти | 0,00 | | |
| Промотивни материјали | **32.238,00** | | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI+VII)** | **358.919,00** | | |

**I.Плати и Хонорари (1)**

За предвидениот вработен за овој проект му беа исплатени 6 плати во вкупен износ од горенаведениот износ со платени придонеси за здравствено и пензиско осигурување за периодот од времетраење на целиот проект.

Хонорари и надоместоци беа исплатени според законот за хонорари преку рекапитулари со платен персонален данок од 10% по договор на дело за 6 предавачи кој беа инволвирани во спроведувањето на предавањата во образовната програма и снимањето на експериментите.

**II. Патни трошоци (вкупно)**

Поради откажувањето на ВикиКампот, буџетот за транспорт најмногу беше користен за реализација на предавањата во Основните и Средните училишта, ВикиКлубот, снимањето на есксперименттите и за реализација на четрите еднократни екскурзии како замена за Вики Кампот со превозното средство (автомобил Хонда Џез), до февруари месец и Опел Астра од 22 февруари, возила што го користеше Споделено знаење-Скопје.

**III. Храна и пијалоци**

Храна, закуски и пијалак беа обезбедени за време на предавањата од образовната програма, и четирите еднодневно спроведени екскурзии ширум Македонија, активноста како замена на Вики Кампот.

**IV. Опрема (вкупно)**

Дел од предвидени средства се искористија за набавка на сервисен уред- рутер за подобар интернет во природа и на места каде што конекциите се слаби.

**V. Специфични трошоци (вкупно)**

**Договори за услуги**

За потребите на снимањето на експериментите на ПМФ- катедра по Хемија, имавме предвидено договор за услуги, но на продукцијата и беше платено преку фактура со вклучен ДДВ. Единствено предвидените 10.000 денари за реагенси, не беа искористени.

**Изнајмување простории за организирање настани**

Поради настанатата криза со КОВИД 19, не бевме во можност да изнајмуваме простории за конференции и настани, освен за Вики Клубот на ФИНКИ, но таму после второто предавање, проектот беше прекинат, и сумата предвидена од 10.000 денари, за четирите предавања, не беше исплатена, бидејќи ќе се плати од кога останатите два завршени уредувачки настани ќе се

спроведат и ќе ви биде доставена фактурата. Поради тоа ве замолуваме да ни овозможите тие средства да останат во вкупниот трошок, за да можеме да го реализираме плаќањето од кога остатокот од предавањата ќе бидат извршени.

**Конференции и работилници**

За организирање на активностите како замена за (ВикиКампот) и повеќето работилници и предавања, искористивме најголем дел средствата за промотивни материјали, како што се маици, налепници, пенкала и друго.

**8. Документација**
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

За неготовинските плаќања приложуваме копии од фактури прикачени на изводи, декларации за плати, рекапитулари за хонорари, копии од фискални сметки со сметкопотврди, УСБ-стикер за подобар преглед на сликите и видео записите, список на членови, стручни описи на експериментите и договор за користење на возила.

Кирил Симеоновски

Скопје, 25.11. 2020 год.

(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

(Место) (датум) М.П. (Потпис)

Здружение за умножување на слободни содржини · Споделено знаење · Скопје


Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации во Генерален секретаријат